РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК – ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK – KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за стручно мислење за постоење на судир на интереси и неспоивост на функции.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица **и вработените во јавниот сектор.**

Согласно член 49 став (2) од истиот Закон:
„(2) Вработен во јавниот сектор, **може** да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал."

Врз основа на наведеното, Државната комисија е на став дека како вработено лице во АД, може да ја врши функција член на Управниот одбор на ЈП, согласно член 49 став (2) од Законот.

Во натамошното вршење на службените должности, ДКСК укажува на начелото на интегритет согласно кое службеното лице е должно да постапува во рамките на јавен интерес, избегнувајќи влијание од лични, семејни, партиски, верски или други интереси.

Дополнително, Државната комисија  укажува на обврската од член 82 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„(1)**Избрано или именувано лице**, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, **а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.“**

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК информира дека, како член на Управниот одбор на ЈП, има законска обврска да доставите изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 30 дена од денот на изборот/именувањето.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk